Архивски број: 08-7722/3
Датум: 24-11-2026

ЈАВЕН ПОВИК

за избор на младински претставник од Република Северна Македонија во Управниот одбор на Регионалната канцеларија за младинска соработка (РИКО)

Министерството за социјална политика, демографија и млади, согласно Одлуката за започнување и спроведување на постапка за избор на младински претставник во Управниот одбор на РИКО бр. 08-7722/1 од 23.11.2026 година и Процедурата за начинот и постапката за избор на младински претставник од Република Северна Македонија во Управниот одбор на Регионалната канцеларија за младинска соработка (РИКО) бр. 08-7722/2 од 23.11.2026 година, објавува Јавен повик за избор на младински претставник од Република Северна Македонија во Управниот одбор на РИКО.

1. За РИКО и мандатот

РИКО е регионален механизам за младинска соработка на Западен Балкан. Управниот одбор е орган за одлучување надлежен за стратешки и оперативни документи, буџет, извештаи и други прашања согласно актите на РИКО. Мандатот на младинскиот претставник е три години, согласно актите на РИКО.

2. Општи услови

Кандидатот треба:

а) да е државјанин на Република Северна Македонија и да има постојано место на живеење во Република Северна Македонија;

б) да е на возраст од 18 до 30 години на денот на истекот на рокот за пријавување;

в) да не е вработен во орган на државната управа, да не е член на управен или надзорен орган на државна институција и да не е член на политичка партија.

3. Посебни услови

Кандидатот треба:

а) да има најмалку три години искуство во спроведување, координација или учество во младински проекти, програми или активности;

б) да има функционално познавање на англискиот јазик потребно за учество во работата на Управниот одбор на РИКО;

Министерство за социјална политика, демографија и млади на Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.mtsp.gov.mk

в) да поседува комуникациски и организациски способности релевантни за вршење на функцијата;

г) да има искуство или познавање во областа на застапување, преговарање и претставување на младински интереси;

д) да има искуство во младинска организација, организација за млади, студентска организација, младинска чадор организација, неформална младинска група или друга форма на младинско организирање;

ѓ) да има искуство или познавање во стратешко планирање, подготовка на акциски планови или извештаи;

е) да има искуство во работа со проектни тимови, работни групи или младински организации/организации за млади;

ж) да има искуство или познавање во подготовка и спроведување младински политики, стратегии или акциски планови;

з) да демонстрира познавање на младинските политики и регионалната младинска соработка.

4. Начин на кандидирање

Кандидат може да биде предложен од младинска организација, организација за млади, студентска организација, младинска чадор организација или неформална младинска група, или да се пријави самостојно. Сите кандидатури имаат еднаков третман.

5. Задолжителна документација и материјали

Кандидатот доставува:

1) пополнета и своерачно потпишана апликациска форма со потпишана изјава за согласност за обработка на личните податоци;

2) кратка биографија (CV);

3) мотивациско писмо;

4) соодветни докази за релевантното искуство наведено во апликацијата (потврди, препораки, сертификати, договори, решенија или други соодветни документи);

5) копија од лична карта;

6) доказ за државјанство;

7) изјава заверена на нотар дека кандидатот не е вработен во орган на државната управа, не е член на управен или надзорен орган на државна институција и не е член на политичка партија.

8) видео-претставување во времетраење до три минути, во MP4 формат или преку достапна интернет-врска;

9) доколку кандидатурата се доставува во оригинал преку архивата на Министерството – задолжително да се достават CD или USB со електронски запис од целокупната документација и материјали што се составен дел од кандидатурата.

6. Рок и начин на доставување

Кандидатурата се доставува на еден од следните два начина: (1) електронски на izbornamladinskipretstavnik@mtsp.gov.mk со наслов „РИКО – кандидатура"; или (2) во оригинал преку архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади, ул. „Даме Груев" бр. 14, 1000 Скопје, со назнака „Пријава за младински претставник во УО на РИКО – ДА НЕ СЕ ОТВОРА".

Рокот за пријавување е од **24.11.2026 до 08.12.2026 до 16:30 часот** односно 15 дена од денот на објавување.

Доколку последниот ден од рокот за пријавување на јавниот повик паѓа во недела или на државен празник, рокот за поднесување на пријавите се продолжува до истекот на првиот наредени работен ден.

За навремена кандидатура се смета кандидатурата доставена на еден од двата предвидени начина најдоцна до истекот на рокот утврден во Јавниот повик. Рокот за доставување е идентичен без оглед на избраниот начин на поднесување.

Доколку кандидатурата се доставува во оригинал преку архивата на Министерството, таа задолжително треба да содржи и CD или USB-носител со електронски запис од целокупната доставена документација и материјали, вклучително и видео-претставувањето. Електронскиот запис треба да биде идентичен со документацијата доставена во печатена форма. Доколку кандидатурата се доставува електронски, целокупната документација и материјали, вклучително и видео-претставувањето или достапна интернет-врска до истото, се доставуваат електронски на адресата наведена во Јавниот повик.

7. Административна проверка

Комисијата ја проверува навременоста на кандидатурите, доставувањето на задолжителната документација и исполнувањето на сите објавени услови. Комисијата може да побара појаснување само за навремено доставен документ, без дополнително создавање или докажување услов кој кандидатот не го исполнувал до истекот на рокот. За административната проверка се води записник.

8. Претставување на кандидатите

Кандидатите кои ги исполнуваат условите се претставуваат под еднакви услови пред организациите со право на глас. За секој кандидат се објавуваат/доставуваат кратка биографија, мотивација и три приоритети кои би ги

застапувал како младински претставник. Кандидатите доставуваат и видео-претставување во времетраење до три минути.

Рокот за доставување на материјалите за претставување, вклучително и видео-претставувањето, е идентичен со рокот за пријавување на Јавниот повик. Видео-претставувањето се доставува во MP4 формат или преку достапна интернет-врска, а текстуалните материјали во PDF/DOCX формат. Материјалите не се бодуваат од Комисијата.

9. Право на глас

Право на глас имаат младинските организации, организациите за млади и младинските чадор организации согласно Законот за здруженија и фондации и Законот за младинско учество и младински политики. Секоја организација има право на еден глас, кој се докажува со Статут на организацијата и Тековна состојба не постара од 6 месеци на организацијата.

10. Електронско гласање

Гласањето се врши преку електронска форма определена од Министерството, со верификација на правото на глас и механизам за спречување повеќекратно гласање. Гласањето ќе се спроведе од 14.12.2026 од 08:00 часот до 16.12.2026 до 16:30 часот. Упатството и пристапот до електронската форма ќе бидат доставени официјална веб страна на Министерствот

11. Утврдување на резултатите

Комисијата ги верификува пристигнатите гласови и изготвува записник за спроведеното гласање. За избор се предлага кандидатот кој освоил најголем број важечки гласови.

Во случај двајца или повеќе кандидати да освојат еднаков најголем број важечки гласови, се спроведува втор круг на електронско гласање само помеѓу тие кандидати.

Начинот на спроведување на електронското гласање, верификацијата на правото на глас, утврдувањето на важечките и неважечките гласови, како и постапувањето во случај на еднаков број гласови, подетално се уредени во член 11 од Процедурата за начинот и постапката за избор на младински претставник во Управниот одбор на РИКО.

12. Набљудување и донесување одлука

Претставниците на младинските организации регистрирани во Регистарот за млади се поканууваат да ја следат административната проверка и утврдувањето на

резултатите во својство на набљудувачи, без право да одлучуваат за исполнувањето на условите или за изборот на кандидат.

По завршувањето на постапката, Комисијата доставува записник и предлог до министерот.

Министерот донесува Одлука за избор на младински претставник од Република Северна Македонија во Управниот одбор на РИКО.

13. Заштита на личните податоци

Личните податоци на кандидатите содржани во кандидатурите и во доставената документација ќе се собираат и обработуваат од Министерството за социјална политика, демографија и млади како контролор, согласно Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 294/21 и 101/25), исклучиво за целите на спроведување на постапката за избор на младински претставник во Управниот одбор на РИКО.

Со доставувањето на кандидатурата, кандидатот се согласува кратката биографија, мотивацијата, трите приоритети и видео-претставувањето да се објават или достават до организациите со право на глас, согласно точка 8 од овој Јавен повик.

Личните податоци нема да се користат за други цели и ќе се чуваат во рокот утврден со прописите за архивско работење. Кандидатите ги имаат правата утврдени со Законот за заштита на личните податоци, вклучително правото на пристап, исправка и бришење на податоците, а за остварување на овие права можат да се обратат до Министерството на izbornamladinskipretstavnik@mtsp.gov.mk.

14. Контакт

За прашања во врска со Јавниот повик: izbornamladinskipretstavnik@mtsp.gov.mk или stefan.stepanoski@mtsp.gov.mk

Министерство за социјална политика, демографија и млади, ул. „Даме Груев" бр. 14, 1000 Скопје.

Република Северна Македонија
Министерство за социјална политика, демографија и млади
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve